# IV МЕЃУНАРОДЕН НАУЧЕН СИМПОЗИУМ ЛОКАЛНИТЕ КУЛТУРНИ ОБЕЛЕЖЈА КАКО ТОПОСИ ВО КНИЖЕВНОСТА ЗА ДЕЦА ПО ПОВОД ЈУБИЛЕЈОТ 90 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ (1934 – 2024)

**Струмица, 13 – 14 декември 2024**

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

Научниот симпозиум е дел од проектот:
„Локалните културни обележја како топоси во книжевноста за деца“ поддржан од Општина Струмица во рамки на програмата G1 за поддршка на ЛЕР

ЗГ „Иван Василевски“
Струмица, 2026

IV МЕЃУНАРОДЕН НАУЧЕН СИМПОЗИУМ ЛОКАЛНИТЕ КУЛТУРНИ ОБЕЛЕЖЈА КАКО ТОПОСИ ВО КНИЖЕВНОСТА ЗА ДЕЦА ПО ПОВОД ЈУБИЛЕЈОТ 90 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ (1934 – 2024)
Струмица, 13 – 14 декември 2024
ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
**Издавач:**
Здружение на граѓани „Иван Василевски“, Струмица
**За издавачот:**
м-р Сузана Мицева
**Уредник:**
д-р Ана Витанова-Рингачева
**Рецензенти:**
д-р Марина Спасовска
д-р Марина Даниловска
**Лектор:**
Александар Димитров
**Компјутерска и графичка подготовка:**
Димитар Мицев

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.723:82-93(062.552)
821.163.3-3.09Подгорец, В.(062.552)

МЕЃУНАРОДЕН научен симпозиум Локалните културни обележја како топоси во книжевноста за деца (4)
IV Меѓународен научен симпозиум Локалните културни обележја како топоси во книжевноста за деца по повод јубилејот 90 години од раѓањето на Видое Подгорец [Електронски извор] : (1934–2024) : Струмица, 13–14 декември 2024 : зборник на трудови / [уредник Ана Витанова-Рингачева]. - Струмица : Друштво за наука, литература, култура и уметност "Иван Василевски", 2026

Начин на пристапување (URL):
https://nota.mk/wp-content/uploads/2026/08/Зборник-Подгорец.pdf.
- Текст во PDF формат, содржи 150 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 21.08.2026. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-66724-5-4

а) Подгорец, Видое, 1934-1997 -- Критики и толкувања -- Собири б) Локална култура -- Книжевност за деца -- Собири

COBISS.MK-ID 69441797

**Уредувачки одбор**

д-р Ана Витанова-Рингачева – Универзитет „Гоце Делчев“ (Македонија)
д-р Јарослав Отченашек – Институт за етнологија при Чешката академија на науки во Прага (Чешка)
д-р Милутин Ђуричковић – Институт за дечју књижевност, Београд (Србија)
д-р Валентин Петрусенко – Универзитет „Паисий Хилендарски“, Пловдив (Бугарија)
д-р Александар С. Павловић – Институт за српску културу Приштина – Лепосавић (Србија)
д-р Љиљана Тијанић-Костић – Педагошки факултет, Ужице, (Србија)
д-р Драгана Цвијовић, Институт за српски језик САНУ, Београд (Србија)
д-р Валентина Радуловић – (Црна Гора)
д-р Билјана Рајчинова-Николова – Институт за македонска литература (Македонија)
м-р Сузана Мицева – (Македонија)

# IV МЕЃУНАРОДЕН НАУЧЕН СИМПОЗИУМ ЛОКАЛНИТЕ КУЛТУРНИ ОБЕЛЕЖЈА КАКО ТОПОСИ ВО КНИЖЕВНОСТА ЗА ДЕЦА ПО ПОВОД ЈУБИЛЕЈОТ 90 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ (1934 – 2024)

**Струмица, 13 – 14 декември 2024**

**ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ**

# СОДРЖИНА


**ВЕСНА МОЈСОВА-ЧЕПИШЕВСКА ... 6**

РОМАНОТ „БЕЛОТО ЦИГАНЧЕ“ И СКАЗНАТА „ГРДОТО ПАЈЧЕ“ ... 6

**ЛИЛЈАНА МАКАРИЈОСКА, БИСЕРА ПАВЛЕСКА-ГЕОРГИЕВСКА ... 11**

ФРАЗЕОЛОГИЈАТА ВО РОМАНИТЕ НА ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ ... 11

**МАРИНА СПАСОВСКА, МАРИНА ДАНИЛОВСКА ... 21**

„БЕЛОТО ЦИГАНЧЕ“ – ПЛОДОНОСНО ПОЛЕ НА ФРАЗЕОЛОШКИ ИЗРАЗИ ... 21

**СУЗАНА МИЦЕВА ... 30**

ТОПОНИМИТЕ И НАРОДНАТА ЛЕКСИКА КАКО НОСИТЕЛИ НА ФОЛКЛОРНИОТ ИДЕНТИТЕТ ВО РОМАНОТ ЗА ДЕЦА „БЕЛОТО ЦИГАНЧЕ“ ... 30

**АНА ВИТАНОВА-РИНГАЧЕВА, АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ ... 37**

ПЛАНИНАТА КАКО ЕГЗИСТЕНЦИЈАЛЕН И МИТСКИ СИМБОЛ ВО РАСКАЗИТЕ НА ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ ... 37

**БОЈАНА КОСТОВА ... 45**

СЛОВЕНСКИТЕ БОЖЕСТВА КАКО ЕЛЕМЕНТИ ВО РОМАНОТ „ПЕРУНОВИТЕ ПОТОМЦИ“ ОД ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ ... 45

**ВАЊА ИЗОВА ВЕЛЕВА ... 49**

КНИЖЕВНОСТА ЗА ДЕЦА И МЛАДИ– СОВРЕМЕНИ ТОЛКУВАЊА, РЕФЛЕКСИИ И ПРЕДИЗВИЦИ ... 49

**ЈОВАНКА ДЕНКОВА ... 58**

КНИЖЕВНОСТА ЗА ДЕЦА – КАКО ПРИЛИКА ДА УЧИМЕ ЗА СВЕТОТ ОКОЛУ НАС И ПОДАЛЕКУ ... 58

**АЛЕКСАНДРА ЈУРУКОВСКА ... 69**

ГРАНИЧНИТЕ СОСТОЈБИ: ДА СЕ НАДОМЕСТИ НЕНАДОМЕСТЛИВОТО ВО СКАЗНАТА „РОКЧЕТО“ ОД НИКОЛА МАЦИРОВ ... 69

**ВИОЛЕТА ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА ... 76**

ЈАЗИКОТ НИ Е ЗАВЕТ ОД ДЕДОВЦИТЕ ... 76

**ИВАН КОТЕВ ... 82**

„СОПАТНИЦИ НА ДЕТСТВОТО“ ОД ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ – ПРОЗОРЕЦ КОН СВЕТСКАТА И МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА ЗА ДЕЦА ... 82

**ЈАРОСЛАВ ОТЧЕНАШЕК ... 90**

КЊИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦУ БОЖЕНЕ ЊЕМЦОВЕ ... 90

**ДРАГАНА ЦВИЈОВИЋ, ЈОВАНА ШЋЕПОВИЋ ... 96**

ЈЕЗИЂКО -СТИЛСКЕ КАРАКТЕРИСТИКЕ РОМАНА „ОВО ЈЕ НАЈСТРАШНИЛИ ДАН У МОМ ЖИВОТУ“ ЈАСМИНКЕ ПЕТРОВИЋ ... 96

**МИЛИЦА Љ. СТОЈАНОВИЋ ... 105**

УПОТРЕБА ФРАЗЕОЛОГИЗАМА КАО ИЗВОР ХУМОРА У РОМАНУ ЗА ДЕЦУ *ПУСТОЛОВ* В. АНДРИЋА ... 105

**ВЕСНА ТОДОРОВ ... 113**

МЕТОДИЧКИ ПРИСТУПИ У ТУМАЧЕЊЕ НЕПОЗНАТИХ РЕЧИ И ИЗРАЗА У ПРИЧАМА ЗА ДЕЦУ ... 113

**АЛЕКСАНДАР С. ПАВЛОВИЋ ... 120**

ЧЕМУ СЛУЖИ АМКАЊЕ ЈАЈА? – ПРИЛОГ ИСТРАЖИВАЊУ ЕЛЕМЕНАТА ФОЛКЛОРА НАМЕЊЕНОГ ДЕЦИ У КОНТЕКСТУ ОБИЧАЛНО-ОБРЕДНИХ ПРАКСИ О БЕЛИМ ПОКЛАДАМА КОД СРБА У ШАРПЛАНИНСКОЈ ЖУПИ СИРИНИЋ ... 120

**ВАСИЛ ДРВОШАНОВ ... 137**

ЗБОРООБРАЗУВАЧКИТЕ ДИЈАЛЕКТИЗМИ ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ ЧУВСТВЕН ОДНОС ВО ЗБИРКАТА РАСКАЗИ *ВРАЌАЛЌИ СЕ ВО БОРИЕВО* ОД ВИОЛЕТА ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА ... 137

**КАТЕРИНА  ПАНОВ-КОЖАРОВ ... 147**

АПСУРДОТ ВО ФУНКЦИЈА НА ЛЕПОСЛОВИЕТО ВО ПРВИОТ РОМАН ЗА  МЛАДИНЦИ НА ВЕНКО АНДОНОВСКИ „ИМАШ ПЧЕЛА НА НОСОТ“ ... 147

Јованка ДЕНКОВА

# КНИЖЕВНОСТА ЗА ДЕЦА – КАКО ПРИЛИКА ДА УЧИМЕ ЗА СВЕТОТ ОКОЛУ НАС И ПОДАЛЕКУ

**Апстракт:** Во оваа статија се осврнуваме кон една можност да се проговори за научната фантастика како жанр кој е присутен во книжевноста за деца, преку толкување на научнофантастичната книга „Ѕвездена џунгла“ од македонската авторка за деца, Јагода Михајловска-Георгиева. Научната фантастика ќе ни биде само појдовна точка од која ќе се тргне за да се поттикне љубопитноста кај децата читатели за светот околу нас и подалеку. Во фокусот на денешните знаења за универзумот постојат разни теории за неговата големина и за неговите специфики коишто, како што се менуваат сознанијата на научната елита, така се менуваат и научните тези за сите негови особености. „Ѕвездена џунгла“ е еден успешен обид на авторката тој свет, за многумина имагинарен, на еден едноставен начин, преку игра и авантура, да го доближи до детските читатели. Книгата претставува забавна авантура на две деца кои со своите пријатели патуваат низ бесконечниот универзум и преку своите патешествија учат за необичните појави во него, а се запознаваат и со ѕвезденото пространство од нашиот Сончев Систем, и сето тоа преку читање книга. Сепак, авантурата на братчињата е само можност да се проговори за повеќе важни теми како: важноста на читањето книги, пријателството и почитување на пријателите со чување на заедничките тајни, да се поттикнува толеранција и меѓусебно прифаќање на луѓето без оглед на нивната верска, родова или етничка припадност или бојата на кожата, да се отстрануваат родовите стереотипи за девојчињата како послаб пол, да се работи на себе и сопствениот развој, да не се избрзува при постапувањето/зборувањето, да се признаваат грешките, да не се плашат децата без причина, да работат на надминување на она што ги плаши, да избегнуваат разговор со непознати луѓе, итн. Со засегнатите точки, авторката придонесува за развој на детската личност, развивање на чувството за солидарност, емпатија и благородност, како и на почитување и прифаќање на различностите. Сметаме дека со запознавање на младите читатели со овој тип литература, истовремено се придонесува за зголемување на нивната мотивација, креативност и интерес за учење.

**Клучни зборови:** научна фантастика, книжевност за деца.

**Вовед**

Романот за деца „Ѕвездена џунгла“ (2021) од Јагода Михајловска-Георгиева[1] е настанат како дел од еден поголем проект на тројца автори. Имено, тој е прв од трите романи кои ги поврзуваат истите ликови кои се среќаваат во нив – Стела и Сани. Тој претставува претходница на романот за млади „Ти носам пустински песок“ (2021) од Винка Саздова, а по кој следи романот „Имаш пчела на носот“ од Венко Андоновски (2021). И во трите романи се среќаваат истите ликови – Стела и Сани, најдобри другари, кои судбината често ги разделува. И додека во романот на Саздова, „Ти носам пустински песок“, разделените другари меѓусебно комуницираат преку писма, поточно електронска пошта (т.н. мејлови), во романот на Венко Андоновски, „Имаш

[1] Јагода Михајловска-Георгиева е родена во Скопје на 3 март 1953 година. Дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ на УКИМ. Работела како новинар во неделникот „Пулс“ и како уредник во телевизија „Телма“. Членува во Друштвото на писателите на Македонија од 1990 година и има објавено повеќе книги – раскази и романи за деца и возрасни, меѓу кои се: „Мојата кожа“, „Јас, момчето мољца“, „Огледала“, „Игбал, мојата тајна“, „Индиго Бомбај“, „Дрско црвен кармин“ и други. За некои од нив е одликувана со престижни награди, како „Рациновото признание“ за романот „Каменот од твојот ден“ и наградата „Роман на годината“ за „Индиго Бомбај“, а за романот „Манастир Фуентерабија“ ѝ беше врачена и наградата „Стале Попов“ за најдобро прозно дело за 2017 година од Друштвото на писатели на Македонија.



**КНИЖЕВНОСТА ЗА ДЕЦА – КАКО ПРИЛИКА ДА УЧИМЕ ЗА СВЕТОТ ОКОЛУ НАС И ПОДАЛЕКУ**

Јованка Денкова
jovanka.denkova@ugd.edu.mk

**Апстракт:** Во оваа статија, се осврнуваме кон една можност да се проговори за научната фантастика како жанр кој е присутен во книжевноста за деца, преку толкување на научно - фантастичната книга „Ѕвездена џунгла“ од македонската авторка за деца Јагода Михајловска-Георгиева. Научната фантастика ќе ни биде само појдовна точка од која ќе се тргне за да се поттикне љубопитноста кај децата-читатели за светот околу нас и подалеку. Во фокусот на денешните знаења за универзумот постојат разни теории за неговата големина и за неговите специфики коишто, како што се менуваат сознанијата на научната елита, така се менуваат и научните тези за сите негови особености. „Ѕвездена џунгла“ е еден успешен обид на авторката тој свет, за многумина имагинарен, на еден едноставен начин, преку игра и авантура, да го доближи до детските читатели. Книгата претставува забавна авантура на две деца кои со своите пријатели патуваат низ бесконечниот универзум и преку своите патешествија учат за необичните појави во него, а се запознаваат и со ѕвезденото пространство од нашиот Сончев Систем и, сето тоа, читајќи книга. Сепак, авантурата на братчињата е само можност да се проговори за повеќе важни теми, како - важноста на читањето книги, пријателството и почитување на пријателите со чување на заедничките тајни, да се поттикнува толеранција и меѓусебно прифаќање на луѓето без оглед на нивната верска, родова или етничка припадност или бојата на кожата,  да се отстрануваат родовите стереотипи за девојчињата како послаб пол, да се работи на себе и сопствениот развој, да не се избрзува при постапувањето/зборувањето, да се признаваат грешките, да не се плашат децата без причина, да работат

на надминување на она што ги плаши, да избегнуваат разговор со непознати луѓе, итн. Со засегнатите точки, авторката придонесува за развој на детската личност, развивање на чувството за солидарност, емпатија и благородност, како и на почитување и прифаќање на различностите. Сметаме дека со запознавање на младите читатели со овој тип литература, истовремено се придонесува за зголемување на нивната мотивација, креативност, интерес за учење.

Клучни зборови: научна фантастика, книжевност за деца.

**Вовед**

Романот за деца „Ѕвездена џунгла" (2021) Јагода Михајловска-Георгиева[1] е настанат како дел од еден поголем проект на тројца автори. Имено, тој е прв од трите романи кои ги поврзуваат истите ликови кои се среќаваат во нив – Стела и Сани. Тој претставува претходница на романот за млади „Ти носам пустински песок" (2021) од Винка Саздова, а по кој следи романот „Имаш пчела на носот" од Венко

[1] Јагода Михајловска-Георгиева е родена во Скопје на 3 март 1953 година. Дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" на УКИМ. Работела како новинар во неделникот „Пулс" и како уредник во телевизија „Телма". Членува во Друштвото на писателите на Македонија од 1990 година и има објавено повеќе книги – раскази и романи за деца и возрасни меѓу кои се: „Мојата кожа", „Јас, момчето молња", „Огледала", „Игбал, мојата тајна", „Индиго Бомбај", „Дрско црвен кармин" и други. За некои од нив е одликувана со престижни награди, како „Рациновото признание" за романот „Каменот од твојот ден" и наградата „Роман на годината" за „Индиго Бомбај", а за романот „Манастир Фуентерабија" ѝ беше врачена и наградата „Стале Попов" за најдобро прозно дело за 2017 година од Друштвото на писатели на Македонија.

Андоновски (2021). И во трите романи се среќаваат истите ликови – Стела и Сани, најдобри другари, кои судбината често ги разделува. И додека во романот на Саздова, „Ти носам пустински песок“, разделените другари меѓусебно комуницираат преку преку писма, поточно електронска пошта (т.н. меилови), во романот на Венко Андоновски „Имаш пчела на носот“, нарацијата е дневничка, со концепција како „машка“ и „женска книга“, чии автори/носители се токму Стела и Сани.

Трите романи можат да се разграничат и според возраста за која се наменети. Така, додека вториот роман „Ти носам пустински песок“ е наменет за читатели кои се во раната адолесценција, а „Имаш пчела на носот“ за читатели од подоцнежна адолесценција, овој роман, „Ѕвездена џунгла“ (2021) Јагода Михајловска-Георгиева за свои главни протагонисти ги има двете братчиња, Асја и Едан. Едан има девет години, а Асја седум и пол години, што се одредува како детство.

Авторката Јагода Михајловска-Георгиева, чии ликови патуваат во бесконечното ѕвездено пространство, го збогатува светогледот на децата, ги поттикнува читателите да го разграничат и научат значењето на непознатите термини, давајќи на крајот од книгата речник на непознати зборови.

## За научната фантастика како жанр

Децата мечтаат, фантазираат, и нивната љубопитност станала инспирација за многу автори да создадат научно - фантастични дела. Но, пред сè, да

разјасниме што всушност значи поимот "научна фантастика".

Измислувањето на терминот "научна фантастика" генерално му се препишува на американскиот уредник Хуго Гернсбек (Hugo Gernsback), кој првпат го употребил овој термин за со него да ги нарече приказните изградени врз екстраполации од веродостојната научна мисла, кога го основал првото списание посветено на таквото пишување, Amazing Stories, во 1926 година (Waller Hastings, 2011). И додека настојувањето на Герсбек со ова списание било пред сè од дидактичка природа, Џозеф Кембел, уредник на друго списание од 1936 година – Astounding Science Fiction, сметал дека задачата на овие списанија е не само да едуцира, туку и да забавува. Инаку сите овие списанија биле познати под називот „pulp fiction“, со што се означувал евтиниот квалитет на хартијата на која се печателе.

Во почетниот стадиум, во втората половина на XIX век, во времето на основоположниците на жанрот – Жил Верн и Х. Џ. Велс, научната фантастика била добро примена во литературниот свет. Но, во XX век, дошло до "затемнување" на славата на научната фантастика како сериозна литература. Своевиден, ако не и главен фактор во ваквото сфаќање имале токму списанијата за научна фантастика. Овие списанија биле многу заначајни за растот на научната фантастика и за нејзиното етаблирање како жанр. Но, токму од тие причини, многу приказни во овие списанија биле набрзина и грубо напишани, со оправдување дека научната фантастика мора да заживее првин во овие

списанија, ако сака да заживее во литературата воопшто. За жал, ваквото сфаќање придонело многу од тие прилози, добри или лоши, да бидат вклучени во списанијата. Авторите биле слабо платени, а овој факт резултирал со набрзина напишани текстови за разни списанија. Заради ова, на научната фантастика ѝ се "прилепила" етикетата за слаб квалитет (Aquino, 1976).

Роберт Шолс, кажува дека НФ се интересира за работите кои се разликуваат од светот што всушност ние го населуваме, но тоа не значи дека тоа ја прави НФ да бега од реалноста или како реалноста да е нешто ирелевантно (Scholes, 1975). Оттука, се надоврзува мислењето на Жан-Батист Баронијан, кој смета дека круцијална карактеристика на научната фантастика е што: „Таа не се интересира, меѓутоа, за светот онаков каков што е, туку за светот каков што може да биде, каков што би требало да биде, таа бара да покаже една состојба на нашата мисла или на нашиот универзум во некој момент од неговата историја – во еден можен момент, веројатен, насетлив можеби, но никогаш актуелен“ (Денкова, 2022: 14).

Јасно е дека научно-фантастичните приказни го претставуваат највозбудливиот жанр за младите луѓе. Овој жанр им овозможува да се препуштат на свет различен од сопствениот. Така можат да видат нови и необични настани и суштества. На тој начин овој жанр им овозможува да ги обликуваат своите идни визии во зависност од идеологиите и настаните вградени во текстовите на приказната.

Бидејќи сè се менува, така и содржината на научно – фантастичните жанрови се менува. Така, „Светот на бајките“ на некој начин згаснува со настапувањето на современиот живот, или како што истакнува Јадранка Владова: „Современите деца живеат во времето на засилените комуникации, во времето кога медиумите се секојдневно присутни во нивниот живот, во времето кога тие сè почесто ги учат компјутерските можности за комуницирање. Затоа една ваква книга може да ја заскокотка фантазијата и може да ги поттикне на подлабоко размислување“ (Владова, 2001).

**За романот „Ѕвездена џунгла“ од Јагода Михајловска Георгиева**

Романот е приказна за двете братчиња Едан и Асја поделена во осум глави каде секој од нив двајца раскажува по една глава, и на тој начин авторот успева темелно да нè запознае со овие два лика, со нивните размислувања и карактери. Овие две братчиња се интелигентни, забавни и жедни за авантура и за учење нови нешта. Иако еден со друг често се конфронтираат, сепак постојано меѓусебно си ги признаваат грешките, искрени се и знаат да се извинат. Браќата и сестрите се дел од семејниот животи на децата и адолесцентите, и огромна е нивната улога во секојдневните заеднички искуства како придружници, доверливи лица, соборци и како можност за споредби. (McHale, Updegraff & Whiteman, 2012). Истите автори посочуваат и на феактот дека браќата и сестрите можат да имаат директни ефекти врз развојот на едни со други кога

служат како социјални партнери, модели за пример и дека браќата и сестрите можат индиректно да влијаат еден на друг врз основа на нивното влијание врз поголемата семејна динамика (McHale, Kim, Whiteman, 2006). Од оваа перспектива, позицијата на браќата и сестрите во семејството предизвикува социјални психолошки процеси, со доживотни импликации за индивидуалниот развој и прилагодување. (Irish, 1964). Во овој роман, Едан е оној кој бара логика во сè, додека Асја е побунтовен и има желба постојано да се докажува пред брат му, затоа што не сака да се чувствува помал од него. Но и покрај сè тие меѓусебно се навистина добри другари.

Дејството започнува во нивната детска соба, кога книгата по име „Ѕвездена џунгла" ќе се побунтува од полицата за книги, со надеж да ги поттикне да ја отворат и да ја прочитаат. Вчудоневидени од таквата случка, децата решаваат секоја вечер да ја читаат книгата, со договор една вечер да чита Едан, а следната Асја. Така и започнува нивното патување низ вселената. Првиот необичен настан започнува со чудните звуци, гласови и шушкања кои доаѓаат некаде од полицата за книги, доцна во ноќта додека двете братчиња веќе се легнати и заспани:

> „Доцна ноќе е. Одамна сме заспани. Одеднаш, двајцата истовремено се будиме од некакви таинствени звуци. Не се однадвор, од нашата соба се. – Дали и ти го чу истото што и јас? – во темнината му довикнувам на брат ми,

> вклучувајќи ја ноќната ламба. – Нема никој друг освен нас – потстанува. – Сепак слушнав, да. Се плашам. Кој би можел да е? – Псттт, да бидеме потивки. Набрзо ги лоцираме. Мистериозните, шепотливи гласови доаѓаат од полицата со книги“ (Михајловска- Георгиева, 2021:8).

Пердувот кој само навидум личи на бележник на страните во книга, им го претставува нивниот прв лик со кој среќаваат во оваа чудесна книга, а тоа птицата Уни. На почетокот Уни само им приредува нервози со своето однесување, па затоа наместо убав почеток како што доликува со запознавање и пријателство, тие започнуваат со меѓусебни дофрлувања и негодувања. За среќа, набрзо се појавуваат другите важни ликови од оваа книга - Стела и Сани: „Асја: Мене ми беше редот да читам на глас. Само што почнав, едно девојче и едно момче од нигде никаде се појавија среде собата. Како токму во тој миг да се создале. Со подотворени усти се загледавме во нив. (Михајловска-Георгиева, 2021: 17). Стела и Сани се измислените ликови од приказната кои како што самите велат за себе, ниту се родени, ниту имаат родители ни пак постојано место на живеење. Со секоја нова глава, следува нова таинствена ситуација која братчињата ги прави пољубопитни. Така започнува навестувањето за патувањето кое следи, кога Стела и Сани им градат вселенски бродови, на начин на кој што Едан и Асја ги редат своите лего коцки, но овој пат многу по вешто и фантастично. Стела и Сани, во улога на

пилоти, ги бираат своите копилоти и притоа ги замолуваат да си измислат соодветни имиња за вселенската авантура. Па така, Асја го одбира името Гром, а Едан името Молња, кои совршено одговараат за престојната авантура во која заеднички ќе покажат сплотеност и храброст:

> „ Асја: Вчас ме обзеде треска. На сè друго заборавив. Видов дека брат ми и Сани веќе стојат во скафандери пред скалите на нивниот вселенски брод. Металик, сино-зелен, со само еден, ама моќен монитор што испушташе заслепувачки огнени јазици. – Капетане Молњаааа!!! – се трудев да ја надвикам заглушувачката бучава на моторите. – Сè уште не ми се верува! – Ни мене, капетанеее Грооом! – ме чу. – Среќнооо!!! – ми мавна со раката веќе искачен на најгорната скала и го снема во отворот на неговото летало. Ех, барем да бевме заедно во иста пилотска кабина! Ми доаѓаше да се расплачам од преголема возбуда и радост помешани со непознат страв. Па не се управува секој ден со вселенски брод! И тоа под водство на ова прекрасно девојче пилот!...“ (Михајловска-Георгиева, 2021: 35)

И покрај дотогашните препирки и несогласувања, овде Асја покажува дека му недостасува брат му, иако е во друштво на неговата нова симпатија. Пораката која авторот им ја пренесува на младите читатели со таа слика е дека текот на животот ни приредува нови цели и патишта, па така често се случува браќа да се разделат секој по свој пат, во

потрага по непознатото и со новите улоги низ животот. Меѓутоа, како што и гледаме во втората глава во книгата, авторот преку реакциите на Едан и Асја прикажани додека едниот доживува непријатни ситуации и кога им се губат меѓусебните сигнали, потсетува дека во животните бури, братот е оној кој и покрај сè мисли на тебе, се грижи за тебе и секогаш е најголема поддршка.

Доживувајќи авантури и патувајќи со вселенските бродови, наидуваат на метеори и запаѓаат во разни неизвесни ситуации, заради кои гласно го слушаат тупотењето на срцето. Одеднаш, по таа бура од згоди и незгоди, ќе се најдат во еден простор кој за секое дете е исполнување на желбите. Во тој простор го има сè она што едно дете посакува – изобилство од играчки и изобилство од слатки. Но, токму таа ситуација ќе им биде главната лекција од оваа книга - дека ништо материјално не е поважно од пријателството и од блиските. Тоа го осознаваат преку премногу наметливиот однос на играчките, кој набрзо почнува да ги застрашува заради нивниот освојувачки карактер. Среде сета таа какофонија од звуци на борба, браќата слушаат едно женско гласче, гласот на разумот. Тоа е појавата на куклата по име Светлина, со што авторот ни покажува една нова страна детскиот свет, дека не секогаш куклите се наменети за девојчиња. Далеку од бучавата на пиштоли, пушки, и други насилни игри, куклата Светлина им покажа дека и нивниот свет е интересен. Таа им донесува куп мирољубиви и интересни суштества, кои воопшто не ги сакаат насилните игри и на тој начин се создаде едно ново

сфаќање и се рушат предрасудите за машки и женски играчки. На тој начин емоциите се разбудија, се зајакнаа, умот почна поинаку да размислува: „Можеби скришно посакувате да си поиграте со кукли. Ама се срамите да не ве исмеат другарите. Ајде, кажи...Оваа е упорна и, што е најважно, не е кенкава, бунтовна е. Почитувам такви девојчиња, па макар биле и кукли. Би можел дури и да си поиграм со нив. Ѝ додадов уште неколку плуса. Тајно, за да не се направи важна“ (Михајловска- Георгиева, 2021: 64). Когнитивните теории за родовите улоги се засноваат на идејата дека децата се социјализираат во родови улоги. Родовите стереотипи им даваат на децата нормативни информации за тоа како секој пол треба да изгледа, да дејствува и да размислува, според културните верувања. Еден начин да се пренесат овие културни родови стереотипи на децата е со експлицитно родово означување на предмети и активности (на пример, „момчињата сакаат да си играат со автомобили“) преку телевизијата, низ книгите, преку врсниците и со помош на возрасните (Martin, Eisenbud, & Rose, 1995). Сепак, во случајот со Едан и Асја, авторката ги „руши“ овие родови стереотипи, за постоење на „играчки за девојчиња“ и „играчки за момчиња“. Низ сите овие авантури, двете братчиња како да созреваат. Преку разделбата со куклата Светлина, сфаќаат дека не сѐ што посакуваме е во наша корист, дека животот ќе ни го покаже можеби спротивното. Но, и дека најважно од сѐ е доколку на крајот сфатиме дека целта на животот не е во она по кое мечтаеме, тука е баш она без кое не можеме да живееме:

„Време е – подголтна време е за разделба, пријатели – речиси шепна. – Разделба!? – втренчено ја погледнавме. – Толку брзо? Штотуку се спријателивме – Едан отсутно ја спушти чашката со сладолед. – Мораш да си одиш? – ѝ се загледав во бистрите срнечки очи. И јас нагло изгубив интерес да ги излапам колачињата што ми беа в рака. (...) – Зар не ти е жал што ќе се разделиме? – одвај се воздржував да не се расплачам. – Немојте со такви прашања – молбено нѐ погледна. – Ќе ми недостигате. Првпат ми се случува вака да се приврзам за некого. – И нам првпат за кукла – си ги избришав очите, солзи ми навираа. Светлина се расшмрка веројатно прикривајќи си го плачот, па нагло ни сврти грб. (...) – Подарете ѝ моја копија на сестра ви. Сигурно ќе ја најдете во продавниците за играчки кај вас. Ќе ве потсетува на мене – мавна за последен поздрав пред да ја снема" (Михајловска- Георгиева, 2021: 81).

Со овој емотивен дел, авторката не остава ни едно дете рамнодушно. Таа си поставила задача да им ги промени мислењето за многу нешта, да им отвори нови видици за одредени ситуации во животот. Лекцијата од оваа разделба ќе ги поттикне да не избрзуваат со своите предрасуди и осудувања за другите, зошто можеби токму тие ќе ги научат на вистинските вредности.

Тука не завршуваат авантурите на децата, но оваа ситуација само ќе ги направи помудри за авантурите и ситуациите што доаѓаат.

Следната авантура ги носи на планетата Оригра, која е своевидна „ветена земја“ за децата, зашто во неа има изобилство од слатки, благи работи (сладолед, колачиња, фонтани од течно чоколадо, итн.) во чинии кои сами постојано се полнат од што на крај дури им се слошува. И тогаш, птицата Уни ги почувува дека на најважната лекција во животот – човек може да се засити од сè она материјално што го има во изобилие: „А ги имавте сите играчки на светот и слатки што никогаш не се потрошуваат...Верувавте дека нема посреќни деца од вас, нели? ...Брзо ви здосадија...Ајде бидете искрени. Дали навистина ве прави посреќни да имате многу повеќе отколку што ви е потребно? Слатки, играчки...што било. Да или не?...Само пријатели никогаш доволно“(Михајловска- Георгиева, 2021: 83). Потенцирајќи ја улогата на пријателството во животот на секој човек, Уни ги поучува на значењето на пријателите во животот: „Човечкото око е ненаситно. И еден непријател е многу, а сто пријатели се малку“ (Михајловска- Георгиева, 2021: 84). Многубројните спроведени студии, укажуваат дека пријателите се од витално значење за здравиот развој на децата на училишна возраст. Истражувањата покажаа дека децата на кои им недостасуваат пријатели подоцна во животот може да страдаат од емоционални и ментални тешкотии. Пријателствата им обезбедуваат на децата повеќе од само забавни другари. Пријателствата помагаат децата се развиваат емоционално и морално. Во интеракцијата со пријателите, децата учат многу социјални вештини, како на пример како да

комуницираат, да соработуваат и да решаваат проблеми. Тие вежбаат да ги контролираат своите емоции и одговарање на емоциите на другите. Тие развиваат способност да размислуваат и да преговараат за различни ситуации кои се појавуваат во нивните односи (Ferrer-Chancy & Fugate, 2007).

Следува најважната мисија – враќање дома што не е воопшто едноставно. На воздушниот пат кон планетата Земја, децата запознаваат еден нов лик, кој е воодушевен од Асја и Едан - а тоа беше главниот метеорџија Жг. Иако е претставен како главен, бестрашен и храбар, сепак пред искреноста и чистота на Едан и Асја се покажува како нежен и емотивен и отворено ги искажува своите скриени чувства за дволичноста која постои и во вселенските простори: „Сум чул, ме озборуваат. Некои и ми се потсмеваат. Сум немал попаметна работа освен да организирам метеорски кросеви. Сум ги обучувал талентираните, самиот сум се натпреварувал. На глупости сум го трошел времето...Требало покорисно да ја употребувам силата...Дури ми нуделе да ѝ пристапам на некоја вселенска банда“ (Михајловска- Георгиева, 2021: 121-122). Со оваа наративна сентенца децата се поучуваат на уште една важна страна од животот - дека и оној кој се чини бестрашен може да биде емотивен, па согласно тоа, да не се поведуваат по предрасудите.

На патот кон дома, децата добиваат уште една скапоцена животна поука - авторката ја доловува опасноста од верувањето на непознатите. Со прикажувањето на ситуацијата кога непознати вонземјани со својата лажна љубезност се обидуваат

да го измамат Асја да го повозат низ вселената, авторката ги предупредува децата колку може да биде опасно доколку дозволат да бидат заведени од навидум привлечните идеи за забава и колку всушност таа забава може да биде фатална: „Колкупати нè имаат предупредено мама и тато да бидеме претпазливи со непознати, си заборавил? И кога ни приоѓаат да си позборуваме, а особено ако љубезно предлагаат ова-она...некои примамливи нешта. Ти текнува?“ (Михајловска- Георгиева, 2021: 104-105). Денешните деца растат во сè поопасен свет. Заканата од киднапирање на странец сега е присутна повеќе од кога било. Дневните медиумски наслови нè потсетуваат дека децата живеат со постојана закана дека ќе бидат малтретирани или киднапирани. Собраните докази покажуваат дека малите деца не се свесни за дополнителни стратегии потребни за да се заштитат од можно киднапирање (Breese, 1994). Затоа, родителите се главните фактори кои се свесни за сите опасности денес, а не треба да се заборави и на училиштето како средина во која децата можат да бидат поучени на сите приоѓања од непознати лица, како и на начините за одбрана.

Како што книгата се движи кон крајот, така се менува и сликата за момчињата-протагонисти. Така, веќе на крајот од нивната вселенска одисеја, тие воопшто не беа оние плашливи и несигурни момчиња со кои читателите се запознаваат на почетокот. Дома се враќаат попаметни, похрабри и побогати за многу животни искуства и сознанија за пријателството, за прифаќањето на различностите, за почитување на духовното над материјалното, а

особено за вредноста на саможртвата на сите оние кои ни значат и им значиме како што е саможртвата на онаа палава птица Уни, со која читателите се запознаваат на почетокот и која веќе не беше така дрска, туку стана вистинска жртва за Едан и Асја за да им го исчисти патот низ Ѕвездената џунгла:

> „Уни: Морав да ви го расчистувам патот, на некои места беше сосем непрооден. Како со трње беше густо начичкан со најситни ѕвездички. – Фала ти – трогнато изустив. – Што си се жртвувала за нас – дополни брат ми. – Службено, што би се рекло, на задача бев – скромно возврати. – Приватно, ми станавте многу драги. А сега, откако ве спроведов низ Џунглата, веќе не сум ви потребна...“ (Михајловска- Георгиева, 2021:141).

На крајот, при враќањето дома, авторката отворено ги потенцира убавините на планетата Земја. Без разлика колку убаво, волшебно и забавно место е вселената, сепак најубавото место на светот е дома. Место кое секогаш нуди чувство на спокој, место каде и после сè те чекаат оние кои најмногу ти значат. Оние кои живот твој се. Место во кое она што чиниш некогаш најмногу ти пречи...баш тоа може најмногу да ти недостасува некогаш. Место каде чувството на тазе печени кифлички можеш да го наречеш „дома“. И милозвучниот глас на мама...за добра ноќ и бушавењето по косата од рацете на тато за добар ден“ (Михајловска- Георгиева, 2021: 167).

**ЗАКЛУЧОК**

Книгата „Ѕвездена џунгла“ од македонската авторка за деца Јагода Михајловска-Георгиева претставува забавна авантура на две деца кои со своите пријатели патуваат низ бесконечниот универзум и преку своите патешествија учат за необичните појави во него, а се запознаваат и со ѕвезденото пространство од нашиот Сончев Систем и, сето тоа, читајќи книга. Нивните ѕвездени пријатели се ликови од книгата која ја читаат, но иако се нереални и апстрактни, истовремено се живи и вистинити. На тој начин авторката границата меѓу  чудното и чудесното ја преплетува, па на моменти чудесното станува чудно, а чудното – чудесно.
Многу научници силно го поддржуваат ставот дека контактот на децата со достојна литература придонесува за збогатување на нивниот вокабулар и подобрување на нивните синтаксички структури. Исто така овој жанр ја подобрува фантазијата, затоа што, пред сè, самата потекнува од фантазијата. Во светот што им се нуди преку книгата има простор за секаков вид на неверојатни и авантуристички активности. Книгата доловува сè што едно човечко суштество може да замисли, нешто охрабрувачко за да остане во чекор, да може да обликува поудобен и технолошки напреден свет и на крајот, да избега од неинспирирачката реалност. Така, на нивен начин, тие ја будат свеста и обликуваат ставови, иницирајќи кај децата модерни, но сепак, безвременски и универзални прашања, прикажани преку солидарност, пријателство и заедничка работа кои водат до заедничка радост од успехот. Така во

книгата „Ѕвездена џунгла‘‘ од Јагода Михајловска Георгиева го наоѓаме токму тоа.

Ликовите од книгата доживуваат метаморфоза, оживуваат и ги повикуваат на најчудесното патување низ галаксијата – патешествие на кое ќе запознаат нови другарчиња и ќе научат многу работи. На крајот од дејствието, вратени од прошетката низ универзумот, момчињата иако се збогуваат со своите ѕвездени пријатели, свесни се дека тие секогаш ќе останат во нивниот живот, бидејќи се ликови од една книга што се наоѓа во детската соба.

По дефиниција, во делата на имагинацијата кога се прикажува нешто сосема натприродно, говориме за чудесно. Во бајките, каде сѐ е можно и веројатно, бидејќи на некаков начин е мотивирано, се среќаваме со волшебни појави, ликови и предмети и со нивна преобразба. Кај модерните писатели, како и во сонот, објаснувањата за чудесното изостануваат со што се нагласува таинственоста на светот во кој живееме.

Па така, доколку сакаме да направиме дистинкција помеѓу чудните и чудесните појави во книгата „Ѕвездена џунгла“, која изобилува и со двете појави, мора да заклучиме дека на моменти овие два поима се испреплетуваат, а од друга страна и прецизно се разграничуваат.

Во дефиницијата на Цветан Тодоров за чудното се потенцира дека „доколку читателот прифати дека законите на стварноста остануваат недопрени и даваат објаснување на опишаните појави, велиме дека се говори за чудно. Ако,

напротив, читателот одлучи дека мора да ги прифати новите закони на природата со коишто таа природа би можела да биде објаснета, влегуваме во жанрот на чудесно“. Всушност, како што објаснува Тодоров, чудесното одговара на непозната, сѐ уште невидена појава, која само што би се случила. Во чудното, необјаснивите нешта ги сведуваме на познати факти, на претходно искуство (Todorov, 1987).

Така, во „Ѕвездена џунгла“ најпрво ќе се сретнеме со ликови (момче, девојче и една птица) кои се од друга планета и со самото тоа се чудесни, но истовремено тие се кукли, односно ликови од стрипови, па воедно се само чудни. Може да се каже дека се чудни и имињата на родителите, сестрата, бабата и дедото на двете момчиња кои се братчиња во делото, кои децата ги именуваат со обратен редослед на буквите. Чудно е и летањето на децата кои, иако навидум чудесно се нашле некаде далеку во универзумот, „летаат“ преку нивната фантазија – што е објасниво, односно чудно. Уште почудни се ликовите и појавите од вселената, како што се квазарите или, пак, дефинирањето на времето. Сите тие, колку и да се имагинарни, истовремено ѝ се познати на науката и во законите на природата постојат, односно се само чудни, а не чудесни.

Од друга страна, и чудесното се преплетува низ целото сиже. Додека се на своето вселенско патешествие, момчињата возат вселенски велосипеди, се соочуваат со Големиот Ориг, вселенски лик кој таму во универзумот изработува оригинални играчки на планетата Оригра, којашто е непостоечка планета, или со кометите кои во книгата

се претставени како вселенски таксисти коишто, иако во реалноста се движат низ вселената, секако не се таксисти, а и метеорџиите – вселенски суштества кои наместо мотори возат метеори. При крајот на ова бесконечно живописно патување, авторката потенцира дека нивните другарчиња Стела, Сани и вселенската птица Уни оживуваат, како што ќе објасни Стела, „кога некој нè чита или нè гледа“.

Одговорот на прашањето (дилемата) дали тоа што им се случува на ликовите во книжевното дело е реално, дали тоа што ги опкружува е стварност или станува збор за привид, дали е сон или реалност, е нешто што можеби најточно би ја дефинирало фантастиката. Како што смета Цветан Тодоров, набљудувачот на книжевното дејствие самиот мора да процени дали станува збор за заблуда на сетилата и производ на фантазијата или, пак, законите на светот остануваат онакви какви што навистина се, што всушност е равенката за она што во книжевното дело го сметаме за реалистично, а што за фантастика. Воја Марјановиќ потенцира дека детската литература е речиси незамислива без фантастиката (Китанов, Марјановиќ, 2007). Фантастиката е сржта на детскиот свет и е предизвик за сонот и за јавето, додека Раде Прелевиќ истакнува дека детската фантастика е последица на специфичниот однос на децата кон реалниот свет и дека таа е творечка и е слободна игра којашто нè пренесува во еден божемен свет (Prelevič, 1978).

На крај, треба да се спомене и испреплетеноста на научнофантастичните елементи со реалистичните и чудесните, при што треба да се

спомнат патувањата низ вселената, паралелните светови, телепатијата, вонземските суштества (изгледот на вонземјаните), роботи, телепортација, опис на изгледот на еден вселенски брод и слично.

Во детскиот свет на Јагода Михајловска-Георгиева сите овие тврдења се испочитувани и видливи. Детската имагинација е присутна од првите страници до самиот крај, а детето-читател е оставено да ги воочи разликите помеѓу имагинарното и реалното, фантастичното и постоечкото. Дејствието во „Ѕвездена џунгла“ започнува природно. Момчињата Асја и Едан се деца и се сместени во реален/реалистичен простор (нивната детска соба), а нивните родители, сестра, баба и дедо се ликови кои се реални, соодветни на животната стварност. Но, настаните, како што тоа бива во имагинарниот свет на децата, одненадеж се замрсуваат и од реални (реалистични) преминуваат во фантастични. Преку разни поучни информации, совети, поуки, поговорки и гатанки Асја и Едан „летаат“ низ фантастичниот свет на Ѕвездената џунгла сретнувајќи патем необични суштества и доживувајќи фантастични патешествија чија „реалност“ е толку голема колку што е голема и убедлива моќта на раскажувачот.

„Ѕвездена џунгла“, преку една реалистична постапка во нарацијата, нè упатува кон пристапувањето на детето кон учење на нови поими. Јагода Михајловска-Георгиева обработува тема која е реална, но заплетот делото го прави апстрактно, па детската фантазија „излегува“ од секоја прочитана страница. На моменти романтичарска (желбата да се патува во неоткриен и непознат свет), но стварна,

естетска и истовремено шармантна, книгата изобилува со досетки и детски хумор. Животот на децата е прикажан во сета негова шареноликост и богатство од фантазија. Книгата е современа, реална и истовремено нереална, а авторот ни прикажува еден индивидуализиран поглед кон светот, преку оптимизам и ведрина.

## LITERATURE FOR CHILDREN - AS AN OPPORTUNITY TO LEARN ABOUT THE WORLD AROUND US AND AWAY

**Abstract:** In this article, we refer to an opportunity to talk about science fiction as a genre that is present in children's literature, through the interpretation of the science fiction book "Starry Jungle" by the Macedonian children's author Jagoda Mihajlovska-Georgieva. Science fiction will only be our starting point to stimulate the curiosity of children-readers about the world around us and beyond. In the focus of today's knowledge about the universe there are various theories about its size and about its specifics which, as the knowledge of the scientific elite changes, so do the scientific theses about all its peculiarities. "Starry Jungle" is a successful attempt by the author to bring that world, for many imaginary, closer to children's readers in a simple way, through play and adventure. The book is a fun adventure of two children who travel with their friends through the infinite universe and through their journeys learn about the unusual phenomena in it, and get acquainted with the starry expanse of our Solar System, all while reading a book. However, the brothers' adventure is just an opportunity to talk about more important topics, such as - the importance of reading books, friendship and respecting friends by keeping shared secrets, encouraging tolerance and mutual acceptance of people regardless of their

religion, gender or ethnicity or skin color, to remove gender stereotypes for girls as the weaker sex, to work on oneself and one's own development, not to be in a hurry when acting/speaking, to admit mistakes, not to frighten children for no reason, to work on overcoming what scares them, to avoid talking to unknown people, etc. With the relevant points, the author contributes to the development of the child's personality, developing the sense of solidarity, empathy and nobility, as well as respect and acceptance of differences. We believe that introducing young readers to this type of literature simultaneously contributes to increasing their motivation, creativity, and interest in learning.

Key words: science fiction, children's literature.

## **Користена литература**


1. Aquino, J. (1976). *Science Fiction as Literature*, https://eric.ed.gov/?id=ED127313, [22.05.2022]
2. Breese, J. (1994). Developing Strategies for Young Children To Deal with the Dangers of Strangers. https://files.eric.ed.gov/fulltext/ED391582.pdf, 21.03.2025
3. Ferrer-Chancy, M., & Fugate, A. (2007). The importance of friendship for school-age children. *Department of Family, Youth, and Community Sciences, Florida Cooperative Extension Service*, 1-3.
4. Irish DP. Sibling interaction: A neglected aspect in family life research. *Social Forces*. 1964;42: 279–288.
5. Martin, C. L., Eisenbud, L., & Rose, H. (1995). Children's gender-based reasoning about toys. *Child development*, *66*(5), 1453-1471.

6. McHale, S. M., Updegraff, K. A., & Whiteman, S. D. (2012). Sibling relationships and influences in childhood and adolescence. *Journal of marriage and family*, *74*(5), 913-930. https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC3956653/, 07.09.2024

7. McHale SM, Kim J, *Whiteman SD. Sibling relationships in childhood and adolescence*. In: Noller P, Feeney JA, editors. Close relationships: Functions, forms and processes. New York: Psychology Press; 2006. pp. 127–149.
8. Prelevič R. (1978): *Poetika dečje književnosti*, Prva književna komuna, Mostar.
9. Scholes, R. (1975). *Structural Fabulation: An Essay on Fiction of the Future*, Bloomington: Indiana University Press, 2.
10. Todorov, C. (1987). *Uvod u fantastičnu književnost*, Rad, Beograd.
11. Waller Hastings, A. (2011). *Science Fiction, Keywords for Children's Literature*: 202-206. https://www.academia.edu/17666187/Science_Fiction, [26.05.2022]

Извори на кирилица

1. Владова, Ј. (2001). *Литература за деца*, Ѓурѓа, Скопје.
2. Денкова, Ј. (2011). *Книжевност за деца*. Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.
3. Денкова, Ј. (2021). *Фантастиката во македонската книжевност за деца и млади*. Муза, Скопје.

4. Денкова, Ј. (2022). *Научната фантастика во македонската книжевност за деца и млади,* Македоника литера, Скопје.
5. Китанов. Б, Марјановиќ, В. (2007). *Литературна критика*, кн.2, Педагошки факултет „Гоце. Делчев“, Штип.
6. Михајловска-Георгиева, Ј. (2021). *Ѕвездена џунгла*. Паблишер, Скопје.

*

Користена литература:

1. Денкова, Јованка, Научната фантастика во македонската книжевност за деца и млади, Македоника литера, Скопје, 2022

2. Михајловска Г. Јагода, Ѕвездена џунгла, Паблишер, Скопје, 2021